## Кога почнува со работа Комисијата на Националната програма за осигурување при онеспособеност (NDIS)?

Комисијата на Програмата NDIS почнува со работа на:



**1 јули 2018 г.** во Нов Јужен Велс и во Јужна Австралија



**1 јули 2019 г.** во Австралиската Престолнинска Територија, Северната Територија, Квинсленд, Тасманија и Викторија



**1 јули 2020 г.** во Западна Австралија

Додека да почне да работи Комисијата на Програмата NDIS во секоја држава или територија, учесниците во Програмата NDIS, давателите на услуги и вработените работат во рамките на постојните системи за квалитет и безбедност во својата држава или територија.





## Како да стапите во контакт со нас

Електронска пошта: feedback@ndiscommission.gov.au
Телефон: 1800 035 544

### Како да дознаете повеќе

Повеќе информации за Комисијата на Програмата NDIS, вклучувајќи информативни материјали за давателите на услугите и за учесниците, може да се добијат на местото на интернет на Комисијата на Програмата NDIS на www.ndiscommission.gov.au

NDIS Quality and Safeguards Commission

# За Комисијата за квалитет и безбедност на Програмата NDIS



# Приод на национално ниво кон квалитетот и безбедноста на Програмата NDIS

Комисијата за квалитет и безбедност на Програмата NDIS (NDIS Quality and Safeguards Commission - NDIS Commission) е независно државно тело што работи на подобрување на квалитетот и на безбедноста на услугите и поддршката што ги нуди Програмата NDIS и која ги испитува и решава проблемите и ги засилува вештините, способностите и знаењето на давателите на услугите и на учесниците во Програмата.

Кога ќе почне во целост да работи, Комисијата на Програмата NDIS ќе испорачува нов и на национално ниво доследен пристап кон квалитетот и безбедноста на Програмата NDIS. За да го постигне тоа, Комисијата ќе соработува со давателите на услугите, со луѓето со онеспособеност и со нивните негуватели, семејства и застапници.

**За што е надлежна Комисијата на Програмата NDIS?**

Комисијата на Програмата NDIS:

- врши регистрација и го пропишува начинот на работење на давателите на услуги од Програмата NDIS и го надгледува квалитетот на давателите на услугите
- го надгледува придржувањето кон Стандардите за работење на Програмата NDIS (NDIS Practice Standards) и кон Правилникот за однесување на Програмата NDIS (NDIS Code of Conduct)
- одговара на грижи, поплаките и немилите случаи што подлежат на пријавување
- ги советува давателите на услуги како да се справат со поплаките што се упатуваат до нив и им дава поддршка на учесниците при поднесувањето на поплаки
- ги советува давателите на услуги како да ги применуваат системите за справување со немили случаи и како да ги пријавуваат сериозните немили случаи до Комисијата на Програмата NDIS
- соработува со луѓето со онеспособеност, со давателите на услуги од Програмата NDIS и со вработените за да ги подобри нивните вештини, способности и знаење
- ја надгледува примената на постапки за ограничување и ги подучува давателите на услугите и учесниците за начините на постапување со кои се поддржува соодветното однесување
- соработува со државите и териториите за да изработи и применува национално доследна проверка на вработените во Програмата NDIS
- обезбедува увид во пазарните услови, ги следи промените на пазарот на кои треба да им се посвети внимание
- споделува информации со другите регулаторни тела.



# Што прави Комисијата на Програмата NDIS за учесниците во Програмата?

**Имате право да се чувствувате безбедно и да добивате услуги со добар квалитет.**

Штом Комисијата на Програмата NDIS ќе почне целосно да работи, ќе можете да очекувате квалитетни и безбедни услуги без оглед на тоа каде живеете.

**Ние се грижиме давателите на услугите и вработените да ги знаат и почитуваат прописите за квалитет и безбедност.**

**Правилникот за однесување во Програмата NDIS** и **Стандардите за работење во Програмата NDIS** за давателите на услугите и за вработените утврдуваат јасни и задолжителни стандарди за квалитетот и безбедноста на услугите и на поддршката во рамките на Програмата NDIS.

**Ако се чувствувате небезбедно или незадоволно од услугите, ние ќе ви помогнеме да поднесете поплака. Секогаш е добро да го кажете тоа што ве мачи.**

Луѓето со онеспособеност, или кое и да било друго лице, може да поднесат поплака до Комисијата на Програмата NDIS во врска со услугите и поддршките што ги добиваат од Програмата NDIS.

Сите поплаки се сфаќаат сериозно и се разгледуваат. Комисијата на Програмата NDIS соработува со учесниците, давателите на услуги и вработените за да ги реши проблемите и да ги подобри квалитетот и безбедноста на поддршките од Програмата NDIS. Ако не сте сигурни каде да се јавите Комисијата на Програмата NDIS ќе ви помогне да се поврзете со соодветната организација.



# Што прави Комисијата на Програмата NDIS за давателите на услуги и за вработените?

**Ние го надгледуваме единствениот систем за пропишување на начинот на работење и за регистрација на давателите на услуги од Програмата NDIS на целата територија на Австралија.**

Кога ќе почне да работи во сите држави и територии, Комисијата на Програмата NDIS ќе овозможува **единствен национален систем за регистрација и пропишување на начинот на работење** за давателите на услуги од Програмата NDIS, со кој ќе се воспостави доследен пристап до квалитетот и безбедноста на целата територија на Австралија.

**Прописите за квалитет и безбедност во Програмата NDIS ги утврдуваат барањата за квалитет и безбедност.**

Сите даватели на услуги и вработени во Програмата NDIS мора да се придржуваат кон **Правилникот за однесување во Програмата NDIS**, со кој е утврдено какви се очекувањата во поглед на однесувањето, културата и давањето на услугите.

Давателите на услуги што ќе се регистрираат во Комисијата на Програмата NDIS мора да ги задоволуваат **Стандардите за работење во Програмата NDIS**, вклучувајќи ги барањата за квалитет и безбедност на услугите и на поддршката што ги даваат.

Системот за квалитет и безбедност на Комисијата на Програмата NDIS исто така вклучува и барања за **справување со поплаки, справување со немили случаи, проверка на вработените, поддршка во однос на однесувањето и примена на ограничувачки начини на работење**. Комисијата соработува со давателите на услуги и врши подучување и обучување за да им помогне да ги разберат своите обврски.

Кога давателите на услуги или вработените не ги исполнуваат барањата на Комисијата на Програмата NDIS, Комисијата може да преземе постапки за подучување, исправање на грешките или принудување.

**Ние прописите ги применуваме сразмерно, при што најсериозните постапки се применуваат во случај на најсериозни кршења на прописите.**